**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 29 и 30 став 1, а во врска со член 38 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/2015, 154/15, 39/16 и 11/18) и член 9 од Статутот на ЈОУ Пионерски дом ″Јосип Броз Тито″ Гевгелија, Градоначалникот на општина Гевгелија распишува:

## ЈАВЕН ОГЛАС
## за избор на директор на ЈОУ Пионерски дом ″Јосип Броз Тито″ Гевгелија

Кандидатот за директор на установата треба да ги исполнува следните услови:

1) да е државјанин на Република Северна Македонија;
2) во моментот на избирањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција, забрана за вршење на професија, дејност или должност;
3) има стекнато најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен на високо образование утврдено со статутот на установата (општествено-хуманитарни дејности);
4) има минимум пет години работен стаж во областа на културата или пет години работно искуство на работи или проекти во областа на културата врз основа на склучени договори за дело;
5) има еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЕЛ ИБТ - најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) – положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).

Кандидатите се должни да ги достават следните документи:

- пријава (www.gevgelija.gov.mk);
- уверение за државјанство (не постаро од 6 месеци);
- доказ дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција, забрана за вршење на професија, дејност или должност;
- уверение или диплома за завршено високо образование најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен на високо образование од општествено-хуманитарни дејности;
- доказ дека има минимум пет години работен стаж во областа на културата или пет години работно искуство на работи или проекти во областа на културата врз основа на склучени договори за дело;
- доказ дека има меѓународно признат сертификат или уверение за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години.

Кандидатите задолжително треба да доставаат **Предлог-програма за работа и развој на установата**.

Работни часови неделно: 40, работно време: од 8,00 до 16,00 часот, работни денови: од понеделник до петок.

Плата (нето): 56.500,00 денари.

Рокот за доставување на потребната документација изнесува 15 дена, сметано од наредниот ден од денот на објавувањето на јавниот оглас (не сметајќи го денот на објавувањето).

Потребните документи (со назнака за јавен оглас) да се доставaт по пошта на адреса Општина Гевгелија, ул. Димитар Влахов бр. 4, Гевгелија, или во архива на општината од 8.00 часот до 16.00 часот секој работен ден.

Некомплетираните и ненавремено доставени документи нема да се разгледуваат.

Бр. 08-1925/1
1.12.2023 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов**
с.р.